**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# Предлог - Одлука
# за примање донација на детски велодром во Мега парк Карпош 4 од страна на Стопанска Банка АД – Скопје

Скопје, август 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04,69/04,67/07,156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2025 година, донесе:

# ОДЛУКА
# за примање донација на детски велодром во Мега парк Карпош 4 од страна на Стопанска Банка АД – Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука Град Скопје прима донација на детски велодром во Мега парк Карпош 4 во град Скопје, од страна на Стопанска Банка АД Скопје, како донација од настаните „ВОЗИ ПРАВО ВОЗИ ЗДРАВО“.

**Член 2**

Вкупната вредност на донацијата изнесува 2.400.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање донација со овластено лице од Стопанска Банка АД Скопје, со кој ќе се регулира начинот на користење на донацијата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

Број ________

_________2025 година СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

С к о п је

# Образложение

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, како и член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) каде давател на донација може да биде домашно и странско физичко и правно лице, а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04,69/04,67/07,156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), каде што намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава Советот на Град Скопје.

Предмет на донацијата поврзан со одржаниот настан „Вози право, вози здраво 10“, е еден детски велодром во новиот парк во Карпош 4 - Мега парк Карпош 4, со форма и содржина како Велодромот изграден во паркот Сарај.

Вкупната вредност на донацијата изнесува 2.400.000,00 денари со вклучен ДДВ.

По донесената Одлука на Советот на Град Скопје, ќе биде потпишан договор помеѓу овластено лице од Стопанска Банка АД Скопје и Градоначалникот на Град Скопје, со кој ќе се регулира начинот на користење на донацијата.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање донација на детски велодром во Мега парк Карпош 4 од страна на Стопанска Банка АД – Скопје.